ПОШТАРИНАТА Е ПЛАТЕНА ВО ПОШТА 1000 СКОПЈЕ

# Лекарски весник

Информативно-едукативно гласило на Македонското лекарско друштво

*Година X, број 117, мај, 2020*
*Бесплатен примерок*
*Излегува еднаш месечно*

ISSN 1857719

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
Здравјето пред сè
www.alkaloid.com.mk



НА КЛИНИКАТА ЗА ДРЖАВНА КАРДИОХИРУРГИЈА ВО СКОПЈЕ

# ПРВАТА ТРАНСПЛАНТАЦИЈА НА СРЦЕ ИСПИША ИСТОРИЈА

***Првпат во Македонија, тим доктори-кардиохирурзи, под водство на Сашко Јовев (Државна кардиохирургија), Жан Митрев (Клиника „Жан Митрев",) Александар Николиќ (Клиничка болница„Систина") и Маја Мојсова, анестезиолог (КАРИЛ), изведоа сложена и тешка операција на кадаверична трансплантација, односно трансплантација на срце од мртов донор***

Ноќта меѓу 22 и 23 мај, првпат во нашата земја е изведена трансплантација на срце од починат донор. На Клиниката за државна кардиохирургија во Скопје, по шестчасовна операција, на 23 мај, во 2 часот и 43 минути зачука срце и шанса за нов живот доби 54-годишниот пациент Иван Огњановски. Два бубрега од истиот донор се трансплантирани на Клиниката за урологија кај двајца пациенти со хронична бубрежна слабост, кои со години беа на дијализа.

- Денеска испишавме историја, бидејќи првпат во нашата земја беше направена трансплантација на срце од починат дарител, изјавие министерот за здравство, Венко Филипче на прес-конференцијата, која се одржа пред Државната кардиохирургија.

Но, како што потенцираше тој, ништо од ова немаше да се случи доколку семејството Диневи – Миле, Влатко и Викторија, и покрај својата огромна загуба, не се одлучија да ги донираат органите од својата сакана сопруга и мајка Емилија.

- Трансплантацијата е успешна. Ова е голем ден за нас. Посебен по многу нешта. Би сакале најпрво да се заблагодариме на семејството на донорот. Тешко е да се донесе одлука да се даруваат органи во моментот кога го губите саканиот. Незамисливо тешко. Потребно е многу сила,

(Продолжува на стр. 3)

*МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО-СКОПЈЕ* ***www.kme.mld.mk***

## ЕЛЕКТРОНСКА КОНТИНУИРАНА МЕДИЦИНСКА ЕДУКАЦИЈА

Почитувани,

Согласно Законот за здравствена заштита и препораките на Министерството за здравство за избегнување јавни собири и одржување физичка дистанца, Македонското лекарско друштво ги проширува методите на стручно усовршување и почнува со спроведување онлајн континуирана медицинска едукација.

Ваквиот начин на едукација ќе овозможи непречено да продолжиме со остварување на нашите задачи и цели во областа на планираното стручно усовршување на нашите членови, без групни собирања и напуштање на работното место. Online предавањата лекарите ќе можат да ги следат од своите персонални компјутери, таблети или мобилни телефони.

Пријавувањето и акредитацијата на стручното усовршување останува исто.

***Известување до претседателите и управите на стручните и подрачните здруженија при МЛД и други медицински организации и здруженија***

Барањето со потребните документи се доставува лично и/или по електронски пат до МЛД, од каде по разгледување од Комисијата за акредитација при МЛД, по службена должност тие се доставуваат во Лекарската комора на Република Северна Македонија.

(Продолжува на стр. 2)

*МАКЕДОНСКОТО НАУЧНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА АУТИЗАМ ГО ПРОСЛАВИ СВОЈОТ 20. РОДЕНДЕН*

## ПОКАЖАВМЕ ДЕКА СМЕ РАМНОПРАВНИ СО ЗДРУЖЕНИЈАТА ОД ЕУ

***Нашите членови имаат стотина учества на домашни и меѓународни семинари, конгреси и конференции. Автори сме на шеесетина трудови, кои го обработуваат аутизмот, од кои нешто помалку од 10 се објавени во списанија со фактор на влијание. Ова му дава посебен научен импакт на здружението во светот на аутизмологијата.***

(Продолжува на стр. 7)

Андол® 100
ацетилсалицилна киселина во пуфериран облик
Превенција и лекување на кардиоваскуларни заболувања
PLIVA

МОМЕНТАЛНИ РЕГУЛАТОРНИ ПРИСТАПИ ЗА ДОСТАПНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛНА ТЕРАПИЈА ЗА КОВИД-19 (СТР. 2)

НАШИТЕ ЛЕКАРИ ВО СВЕТОТ: ИНТЕРВЈУ СО Д-Р НАУМ ГЕШТАКОВСКИ, АНЕСТЕЗИОЛОГ, ПАДЕРБОРН, ГЕРМАНИЈА:
ВО ДРЖАВАТА ИМАМЕ СПОСОБЕН КАДАР, НО НЕМА СПОРЕДБА СО БУЏЕТОТ И СО ПРАВИЛАТА ВО ГЕРМАНИЈА (СТР. 5)

ИНТЕРВЈУ СО ПРОФ. Д-Р СЛАВИЦА КОСТАДИНОВА КУНОВСКА, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА ПАТОЛОЗИ
ПАТОЛОЗИТЕ СЕ ДЕФИЦИТАРНА ПРОФЕСИЈА (СТР. 6)

ЗДРУЖЕНИЕТО „МОЗОЧЕН УДАР" НАОЃА НАЧИНИ КАКО ДА СЕ ГРИЖИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ ВО ВРЕМЕ НА КОВИД-19 (СТР. 7)

Д-Р ПАБЛО ВАЛДЕС СОЛИС, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ШПАНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА РАДИОЛОЗИ
seram
КОВИД -19 (СТР. 8-9)

ЛЕКАРИТЕ ВО РУСИЈА МАСОВНО УМИРААТ НА ПРВИТЕ ЛИНИИ НА ФРОНТОТ ПРОТИВ ВИРУСОТ (СТР. 13)

ДАЛИ Е АЛЕРГИЈА ИЛИ КОВИД-19? (СТР. 16)






БЕЗГОТОВИНСКО ПЛАЌАЊЕ
УПЛАТА ПРЕКУ ВИРТУЕЛЕН
ПОС ТЕРМИНАЛ

e-mail: **info@mld.mk**

*МАКЕДОНСКОТО НАУЧНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА АУТИЗАМ ГО ПРОСЛАВИ СВОЈОТ 20. РОДЕНДЕН*

# ПОКАЖАВМЕ ДЕКА СМЕ РАМНОПРАВНИ СО ЗДРУЖЕНИЈАТА ОД ЕУ

***Нашите членови имаат стотина учества на домашни и меѓународни семинари, конгреси и конференции. Автори сме на шеесетина трудови, кои го обработуваат аутизмот, од кои нешто помалку од 10 се објавени во списанија со фактор на влијание. Ова му дава посебен научен импакт на здружението во светот на аутизмологијата***

**(Продолжение од стр. 1)**

Македонското научно здружение за аутизам на 22 мај го прослави својот 20. роденден. Тоа е период кој не е ниту долг, но ниту многу краток. Ретки се здруженијата од ваков тип, кои можат да се пофалат со ваков јубилеј.

Годините наназад беа исполнети со многу премрежија на општествено-политичката сцена во Македонија и тоа се рефлектираше врз работењето на здружението. Активностите беа исполнети со многу подеми и падови. Низ здружението продефилираа многу членови од кои само најупорните останаа да се грижат за спроведување на неговите цели и задачи, а тоа се: примарна превенција на лицата со аутизам; истражување на механизмите кои се поврзани со аутизмот; истражување на ефектите од рехабилитација на лица со аутизам; третирање лица со аутизам; соработка со родителите на деца со аутизам; координација на владини и невладини организации, кои работат на полето на аутизмот и соработка со меѓународни универзитети, асоцијации на кои аутизмот им е приоритет.

Во сите овие години покажавме дека можеме рамноправно да се носиме со други вакви здруженија од ЕУ, да бидеме лидери во Македонија во областа на специјалната едукација и рехабилитација на аутистичниот спектар на нарушувања (АСН) и да се грижиме, пред се за здравјето, образованието и социјалната заштита на оваа ранлива категорија граѓани во нашето општество.

Во сите овие 20 години се трудевме да ја зголемиме свесноста за овој проблем кај нашите граѓани, а тоа е посебно видливо во последните 10 години, кога организиравме широка палета активности, вклучувајќи во нашите активности естрадни ѕвезди, актери, спортисти, научници, политичари, и секако, семејства кои имаат дете или лице со АСН. За оваа намена четирипати го одбележавме со големи настани „2 април–Меѓународниот ден на аутизмот". Исто така, организиравме пет стручни научни трибини, кои го третираат не само АСН, туку и Down синдромот. Бевме организатори или соорганизатори на девет семинари, симпозиуми и конференции, од кои повеќето и со меѓународно учество. Во овој период се изведени над 250 бесплатни дијагностичко-консултативни прегледи на деца со ова нарушување. Во 2002 година беше издадена брошурата „Правата на лицата со аутизам во Република Македонија", дистрибуирана до сите 120 членови на македонскиот парламент во тоа време.

МНЗА во период од 2008 до 2017 година беше соиздавач на списанието „Journal of Special Education and Rehabilitation", а од 2019 е соиздавач на меѓународното научно списание „Journal for ReAttach Therapy and Developmental Diversities" (https://jrtdd.com), чиј издавач е од Холандија.

Нашите членови имаат 100-тина учества на домашни и меѓународни семинари, конгреси и конференции. Автори сме на околу 60-тина трудови, кои го обработуваат аутизмот од кои нешто помалку од 10 се објавени во списанија со фактор на влијание. Ова му дава посебен научен импакт на здружението во светот на аутизмологијата.

Нашите членови активно партиципираа во 15 домашни и меѓународни проекти, од кои за издвојување се следните: „Еднаквост и социјална инклузија преку позитивно родителство", „Холистички пристап на планирање за лица со аутизам", „Социјални вештини кај аутизам и програма за позитивно родителство" и „Пријателски простори за аутизам". Овие проекти се реализирани во последните пет години, а дел од нив сé уште се во тек.

Во последните 15 години се издадени два учебника со наслов: „Аутизам" и „Аутизам и первазивни развојни нарушувања", наменети пред се за студентите од Институтот за специјална едукација и рехабилитација, Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје, а можат да го користат и медицинарите.

МНЗА е секојдневно присутно со популарни објави за АСН на социјалните медиуми, со што сакаме да ја едуцираме популацијата за овој навистина тежок проблем во нашата заедница.

Јубилејот 20 години постоење на МНЗА требаше да го прославиме со голема конференција што требаше да се одржи од 29 до 31 мај, а во заедничка организација со нашите партнери „Фондацијата за терапија за повторно поврзување" од Холандија, но пандемијата со болеста Ковид-19 нé спречи во тие намери. Требаше да имаме преку 150 гости од земјата и од 20-тина европски држави, како и азиски држави и од САД. Заради тоа преминавме на интернет кампања за да можеме достојно да го чествуваме овој јубилеј. Имено, кампањата секојдневно се спроведува на блогот на МНЗА, на официјалните Фејсбук, Твитер, Линкедин, Инстаграм профили на здружението.




Ние, членовите на МНЗА ќе продолжиме да работиме да откриваме нови случаи со аутизам во Република Македонија, да креираме нови проекти, да пишуваме научни трудови, да им помагаме на родителите, и секако, на децата и на лицата со АСН, во насока на подобрување на квалитетот на живеење на овие семејства.

**Проф. д-р Владимир Трајковски, претседател на МНЗА**

*ПРОЕКТ КОФИНАНСИРАН ОД АГЕНЦИЈАТА НА ФРАНКОФОНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ*

# СЕРОЛОШКИ СКРИНИНГ ЗА КОВИД-19 НА ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ

***Значаен проект, не само за здравствените работници во земјата, кои се во првите борбени линии во борба против Ковид-19, туку и за пациентите, јавното здравје, здравствениот систем на земјата, социо-економскиот живот, како и за науката***



Како одговор на пандемијата со Ковид-19 со која се соочува целиот свет, Агенцијата на франкофонски универзитети (УАФ), објави повик за поддршка на иновативни „Ковид-19 проекти", наменет за високообразовните институции, кои се нејзини членки и партнери.

УАФ ја сочинуваат 944 универзитети, колеџи, универзитетски мрежи и научноистражувачки центри од 116 земји, кои користат француски јазик. Формирана пред 60-на години, таа претставува најголема асоцијација на високообразовни и истражувачки институции во светот. УАФ е официјален претставник на високообразовниот и истражувачки сектор на франкофонскиот самит.

Предлог-проектите беа евалуирани од меѓународни експертски комисии, составени од регионалната дирекција на УАФ. Предност беше дадена на решенија со технолошки и/или социјален моментален импакт, за да им се помогне на здравствените системи и на населението во соочување со тешкотиите предизвикани од пандемијата со Ковид-19.

Проектот „Серолошки скрининг за COVID-19 на здравствени работници од Република Северна Македонија" (*Dépistage sérologique de COVID 19 chez les travailleurs de la santé en République de Macédoine du Nord*), предложен од Институтот за медицинска и експериментална биохемија и Институтот за имунобиологија и хумана генетика, со поддршка од Медицински факултет и Универзитетот „Св.Кирил и Методиј"-Скопје, како членка на УАФ, беше позитивно оценет и прифатен за кофинансирање во конкуренција меѓу 1.888 проекти од 423 високообразовни институции од 76 земји.

Проектот е значаен не само за здравствените работници во земјата, кои се во првите борбени линии во борба против Ковид-19, туку и за пациентите, јавното здравје, здравствениот систем на земјата, социо-економскиот живот, како и за науката.

Носител на проектот е Институтот за медицинска и експериментална биохемија, каде се врши здравствена, наставна и научна дејност. Во состав на Институтот функционира лабораторија за биохемиски испитувања, која е прва биохемиска лабораторија од јавниот сектор акредитирана по меѓународниот стандард МКС EN ISO 15189:2012. Наставниот кадар на Институтот (проф. д-р С. Топузовска, проф. д-р Ј. Богданска, проф. д-р Д. Лабудовиќ, проф. д-р С. Цековска, проф. д-р К. Тошеска-Трајковска, доцент д-р И. Костовска, н. сор. д-р Ј. Брезовска), го сочинуваат специјалисти по медицинска биохемија, со звање EuSpLM (европски специјалисти по лабораториска медицина). Во реализација на проектот се вклучени и млади истражувачи, специјализанти, докторанди и студенти, координирани од д-р Х. Ампова, а проф. д-р С. Ефремова-Аарон е надворешен консултант.

Координатор на проектот е проф. д-р Катерина Тошеска-Трајковска, што дополнително беше предност на проектот, бидејќи посебно внимание беше посветено на проекти водени од жени.

Во проектот како рамноправен партнер во изведба на серолошкото тестирање е вклучен Институтот за имунобиологија и хумана генетика, под водство на проф. д-р Александар Петличковски, специјалист по клиничка имунологија.

Други партнери во проектот се: проф. д-р Наташа Тошеска-Спасова од Стоматолошкиот факултет-Скопје (одговорна за селекција на здравствените работници од областа на стоматологијата), м-р д-р Харис Бабачиќ, независен истражувач, докторанд на Каролинска институт, Стокхолм, Шведска (одговорен за дизајн на студијата и статистичка обработка на податоците), д-р Сандра Игњатовска (претставник на НВО; соработник на Црвен крст, сертифициран консултант за справување со кризи и катастрофи) и д-р Марија Спасовска (маркетинг менаџер, одговорна за комуникација со јавност).

Мултидисциплинарниот пристап кон зададената цел овозможува реализација на овој проект во многу краток временски период (три месеци).

Двојна е придобивката од проектот: од една страна е спроведувањето серолошки скриниг на здравствените работници, со цел да се детектира серопреваленцата на IgM и IgG антителата против SARS-CoV-2 вирусот, но паралелно има и едукативна цел - за студентите, специјализантите, младите научни работници, истражувачи и докторанти на Медицински факултет и УКИМ.

Крајна цел на проектот е објавување научни трудови во престижни научни списанија, со што резултатите од проектот ќе станат достапни за стручната, научната и пошироката јавност.

***Проф. д-р Катерина Тошеска-Трајковска***
**Координатор на проектот**
***Раководител на Институтот за медицинска и експериментална биохемија***

*ШЕСТИ ВИРТУЕЛЕН КОНГРЕС НА ЕВРОПСКАТА АКАДЕМИЈА ЗА НЕВРОЛОГИЈА*

# ПАНДЕМИЈАТА НЕ ГИ СПРЕЧИ ЕКСПЕРТИТЕ ОД СВЕТОТ ДА ГИ ПРЕНЕСАТ СВОИТЕ ИСКУСТВА

***Со над 20 илјади регистрирани учесници, шестиот виртуелен конгрес на Европската академија за неврологија овозможи да се слушнат најновите достигнувања од областа на неврологијата, преку симпозиуми, интерактивни сесии, пленарни предавања, работилници, усни и постер презентации***

Во интерес на здравјето, безбедноста и благосостојбата на сите регистрирани учесници, нашите пациенти и семејства, како и општата популација, Европската академија за неврологија (ЕАН) одлучи да ги откаже сите учества и активности „лице в лице" за време на годишниот конгрес, од 23 до 26 мај, 2020 година. Според зборовите на Клудио Басети, претседателот на ЕАН, оваа одлука се донесе поради пандемијата со коронавирусот и со полна поддршка од авторитетите во Европа и во светот, во насока на нивниот напор да се забави ширењето на болеста. Затоа, раководството на ЕАН одлучи да го организира шестиот конгрес, како виртуелен конгрес и да и понуди на невролошката заедница можност за едукација, научни новости и размена на искуства, во удобноста на нивниот дом. Корона пандемијата го стави нашето општество под невозможен здравствен, емоционален и економски товар. ЕАН одлучи, заедно со своите партнери, да придонесе за намалување на последиците од пандемијата и затоа понуди бесплатно on-line учество на ЕАН виртуелниот конгрес.

Со над 20 илјади регистрирани учесници, овој конгрес овозможи да се слушнат најновите достигнувања од областа на неврологијата преку симпозиуми, интерактивни сесии, пленарни предавања, работилници, усни и постер презентации. Експерти од светот ги пренесоа своите искуства во дијагностиката и третманот на мозочните удари, епилепсиите, мултиплата склероза, невромускулните болести, автоимуните заболувања, хередодегенеративните болести, когнитивните нарушувања, ретките невролошки состојби и многу други.

Од нашата земја поканети предавачи беа проф. д-р Анита Арсовска, од Клиниката за неврологија, која имаше предавање за ретки причини за мозочен удар, со приказ на случај, во интерактивната сесија „Предизвици кај пациентите со мозочен удар", заедно со проф. Натан Борнштајн од Израел и проф. Милија Мијајловиќ од Србија. Д-р Катина Алексовска, од Клиниката за неврологија имаше предавање во сесијата „Нови невролошки препораки", под менторство на проф. Маурицио Леоне од Италија, за ЕАН консензусот за развој на препораки за ретки невролошки болести.

Годинешното предавање, коешто ја доби престижната награда од ЕАН, го одржа Хуге Шабрија од Париз, Франција, на тема „КАДАСИЛ: вчера, денес и утре". Предавањето во чест на Мориц Ромберг на тема „Болка и неврологите: никогаш не е доцна"", го одржа Џорџо Круку од Рим, Италија, додека Стивен Лореј од Лиж, Белгија, зборуваше на тема „Кома и хронични пореметувања на свеста: при потребата за подобро невролошко разбирање и нега", во чест на Чарлс Едуард Браун Секард.

Овој конгрес беше прв од ваков вид во Европа и во светот, а согласно реакциите на учесниците, кои беа постирани на социјалните мрежи беше евидентен огромниот успех кој го постигна, придонесувајќи за надградба на знаењето и размена на искуства, дури и во овие услови на пандемија.

***Проф. д-р Анита Арсовска, Универзитетска клиника за неврологија***